# МИЛЕНИУМ

Број 18

Март, 2019 година, ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци

Цена 50 денари



## Почитувани



Помина уште една учебна година преполна со активности, работа и успеси. Покрај успехот на нашите ученици на општинските, регионални и републички натпревари, успешни бевме сите ние – наставници, стручни соработници, административни службеници, помошно – технички персонал и раководство.

Продолжуваме со зголемена динамика во поглед на имплементација на нови активности од проектот МИМО, ЕКО училиште, како и проекти во организација на општината, Фондот на иновации и технолошки развој, Ротари клубот „Широк сокак Битола" и др. Во месец мај – јуни ќе се реализираат обуки за Училишниот одбор на нашето училиште и обука на фокусирана група на наставници, поврзана со начинот на аплицирање на училиштата за средства од европските образовни програми и фондови.

Со особена чест и задоволство Ве информирам за добиената донација на општина Новаци од страна на Бугарскиот конзулат во Битола и Р. Бугарија за реконструкција на училишната зграда и спортската сала во подрачното деветгодишно училиште во с. Бач. Градежните активностите ќе започнат на крајот од месец јуни и ќе продолжат во летниот период. Сакам да Ве известам дека во тек е набавката на електрични апарати – калорифери со поголема моќност за загравање на спортската сала на училиштето. Училишниот спортски клуб „Славко Лумбарковски" со одговорните наставници е алатка која ќе помогне во јакнењето на физичкото и здравственото образование кај нашите ученици од одделенска и предметна настава. За таа цел, оваа учебна година ни се ослободени финансиски средства од страна на општината, со кои ќе се набават нови спортски реквизити и опрема и ќе се подготват учениците за спортски натпревари.

Подобрувањето на условите за работа на учениците, а со тоа и на наставниот кадар, е еден од поважните приоритети на делувањето на едно училиште како воспитно – образовна институција. На самиот ден на нашиот Патронен празник на училиштето, минатата година беше презентирана новата и официјална веб страна на училиштето. Во таа насока Ви соопштувам дека истата можете да ја посетувате на www.oouslnovaci.mk и да дадете Ваш скромен придонес во дополнувањето и освежувањето на истата со нови информации, стории, новости, фотографии (за кои ќе побараме Ваша согласност почитувани родители и ученици). Набавената електронска табла е ставена во функција за работа на оние наставници и ученици кои ќе пројават желба за користење на истата. Исто така ќе се набават нови наставно – образовни средства и помагала.

Од ЕКО активностите за оваа учебна година ќе ги споменеме следните:

- Засадување на садници од зимзелено дрво во училишниот двор кои се донација од приватната фирма „Интер Воркс" - Битола,
- Користење на контејнер за собирање на хартија, донација од „Пакомак" - Скопје,
- Метални конструкции на клупи за седење во паркчето кое треба хортикултурно да се уреди во делот на училишниот двор, донација од ФОД ДООЕЛ Новаци,
- Организирање на еколошка акција – собирање на електронски отпад од централното училиште и неговите подрачни училишта.

За крај од моето обраќање, сакам топло да Ве поздравам и да Ви го честитам патрониот празник на нашето училиште.

Директор
м-р Илче Соклевски

**БИБЛИОТЕКА**



Училишната библиотека е составен дел на целокупната воспитно - образовна дејност во едно училиште. Преку неа се остварува контакт меѓу наставата, наставниците и учениците.

Библиотеката во нашето основно општинско училиште ,,Славко Лумбарковски“ - Новаци има околу 15000 книги, од кои најмногу постари лектирни изданија, но и стручна литература за наставниците, енциклопедии, прирачници, речници, списанија, весници и сл.

Покрај училишната библиотека во централното училиште, училишни библиотеки има и во сите подрачни училишта кои се во состав на училиштето, и тоа: во ПУ Рибарци околу 250 книги, ПУ Рапеш околу 1000 книги, ПУ Далбеговци повеќе од 900 книги, ПУ Агларци повеќе од 1000 книги, ПУ Добромири околу 850 книги, ПУ Бач има повеќе од 1800 книги, ПУ Живојно околу 250 книги и во ПУ Гермијан имаме училишна библиотека во која најголем дел од книгите се подарени.

Во нашата училишна библиотека фондот на книги секоја година се зголемува благодарение на сите оние кои донираат книги, а тоа најчесто се поединци или здруженија, но исто така секоја година училишниот библиотекар организира акција „Подари книга“ со цел збогатување на фондот.

Добредојдени се сите љубители на книги кои сакаат да донираат и со тоа да помогнат нашата библиотека да прерасне во едно современо катче кое ќе ги задоволува потребите на сите ученици, а со оглед на промените во образованието и измените во наставните програми повеќе од потребно ни е да ги обновиме задолжителните лектирни изданија.

Библиотеката секоја година изработува годишна програма за работа на библиотекарот и распоред за нејзино работење со кој настојува да се приближи до учениците, односно да стане подостапна до читателската публика. Работата на библиотеката се состои од издавање и примање на книги, евиденција на прочитаното, водење на библиотечна книга, список на членови и друго, но исто така, работата на библиотеката и библиотекарот е да ги прима и евидентира и бесплатните учебници кои се употребуваат во воспитно - образовниот процес.

Активностите кои ги презема училишниот библиотекар за менаџирање во библиотеката се одвиваат преку реализирање на библиотечно – информативна и стручна активност, културно и јавната дејност и воспитно – образовната активност кои произлегуваат од програмските подрачја за работа на библиотекарот. Со својата работа библиотекарот ги промовира сите форми и методи на воспитно - образовниот процес преку работата со учениците, наставниците, стручните работници и другите органи во училиштето и институции надвор од него.

Библиотекарот секојдневно извршува инструктивна групна и индивидуална работа на учениците преку усна и писмена форма, и тоа препишување, раскажување, илустрација на прочитана содржина, рецитација, разработка на содржина и сл. Во соработка со наставниците, библиотекарот организира часови чиишто содржини се во корелација со наставниот материјал и програмата. Исто така, во рамките на училишната библиотека се одвиваат литературни читања, креативно – творечки работилници, литературни конкурси, книжевни средби со современи писатели, организирани посети на библиотеки и други релевантни институции, посета на Саемот на книгата и сл. Воедно, библиотекарот активно учествува во организирање и реализација на културните настани во училиштето. Исто така, библиотекарот со претходно избран ученик секоја година учествува на натпревар по библиотекарство „Млади библиотекари“.

Во училиштето, формирана е библиотекарска секција којашто ја организира и води библиотекарот на училиштето. Библиотекарската секција е наменета за учениците кои имаат особен интерес и навики за читање книги и коишто сакаат да ги продлабочат своите знаења и познавања за светот на литературата, како и функционирањето на училишните библиотеки. Преку формите на работа на библиотекарската секција, учениците имаат можност да читаат книги по слободен избор, да творат на различни теми и во различни форми, да истражуваат на теми поврзани со книжевноста и пошироко и да го прошируваат своето знаење за различни области на човековото знаење.



Со еден збор, библиотеката е место за сите вљубеници во книгата и пишаниот збор, но и за сите останати се со цел да ги поттикне сите што повеќе да читаат затоа што книгата е извор на целокупното човеково знаење или ќе се послужам со еден многу убав цитат кој вели: „Знаењето никој не може да ви го земе“.

Библиотекар
Даниела Ристевска

## НАГРАДЕНИ ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ НА КОНКУРСОТ НА ТЕМА: „ГОРДИ НА МИНАТОТО – СВРТЕНИ КОН ИДНИНАТА“

## НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА:

### ПРВА НАГРАДА

СЛАВКО

По секој пат крв лееше
но сепак тој не се предаваше
Ги собра своите смели партизани
и велеше Одиме напред!

За нашата слобода
со германците се бореше
со својата пушка
на чело од стројот одеше
и непријателите ги убиваше.

Се гордеам што нашето училиште
го носи твоето име
легендо наша – Славко Лумбарковски.

Давид Марковски, V одд., ПОУ Агларци

### ВТОРА НАГРАДА

Песна за Славко Лумбарковски

Голем херој
гордост смела.
Опеан во песни
за големите дела.
За нашата земја
ја пролеа крвта,
за татковината своја
бил голема жртва.
Во дворот на нашето
училиште стои,
неговиот споменик
кој детските чекори
секој ден ги брои.
И јас гордо стојам
пред ликот твој,
ТИ БЛАГОДАРАМ
голем човеку
за трудот вложен свој.

Нина Тошевска, III одд., Новаци

### ТРЕТА НАГРАДА

Славко Лумбарковски

Убави ни се дните
заради тебе
среќни се сите.

Ти си борец наш
заради тебе
живееме во секој час.

Кристијан Велјановски, III одд.,
ПОУ Добромири



# НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ОД ПРЕДМЕТНА НАСТАВА:

## ПРВА НАГРАДА

### ГОРДИ НА МИНАТОТО – СВРТЕНИ КОН ИДНИНАТА

Со гордост во очите,
со љубов во срцето,
минатото го споменувам
и иднината ја здогледувам.

За цела крв падната на оваа земја
за сите луѓе на кои животите им згаснале
и се избориле
за работи кои не смееле мирно да ги споменуваат
и не се договориле.

Со цела храброст на сите им кажувам
и слики им покажувам
за сите оние дни кои со страв ги помнеле
и денес тие нè потсетуваат и ни ги спомнале.

Сите нè поттурнувале, нè  газеле и уништувале,
а ние на тоа се спротвставуваме
знамето во облаци го креваме
и химната македонска ја запеваме.

Горди на своето минато,
горди на нашите борци,
на измачените души,
фатени за рака
свртени сме кон иднината, светла,
и сме горди на македонската чета.

Евгенија Трајковска IX б одд.

## ТРЕТА НАГРАДА

### ГОРДИ НА МИНАТОТО – СВРТЕНИ КОН ИДНИНАТА

Во минатото за нашата земја
многу херои отишле во бој
сите биле во еден строј
Како пчели в рој.

Во иднината на ѕидот
патриотска слика
силно ќе блика
и ќе изгледа
како на цел глас да вика:
„Бидете горди на минатото
и свртени кон иднината“

Би сакала јас
секој од нас да беше херој – малку бар
тоа ќе ни беше најголем дар.
Но, нашите херои ги нема веќе
само делата ќе им ги паметиме
како миризливо цвеќе.

Анастасија Петровска VIIа одд.

## ВТОРА НАГРАДА

### ГОРДИ НА МИНАТОТО – СВРТЕНИ КОН ИДНИНАТА

Во минатото ти си бил човек чесен
си имал живот немирен и не толку лесен,
сите ние сме благодарни на хероите наши
кои се сега во срцата ваши.

Се бореле за нашето место
без страв за својот живот оделе во битка често,
со пушката во рака
се бореле без мака.

Сега е време да свртиме поглед кон иднината
да ја отвориме тетратката
и за крајот
нашите херои нека одат во рајот.

Стефанија Илиевска VIIа одд.

## ОД ЛЕКСИКАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Што е лексика? Лексика значи зборовниот состав на еден јазик. Тој состав го сочинуваат сите зборови што постојат во него: нови, стари, домашни, туѓи, литературни, дијалектни итн. Бројот на зборовите во еден јазик се менува од ден на ден. Во денешно време, со експанзијата на интернетот и социјалните мрежи, како дел од него е сè позастапена употребата на зборовите од туѓо потекло во македонскиот јазик. Тие зборови се викаат **интернационализми.**



## УПОТРЕБА НА ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗМИ – ДА ИЛИ НЕ?

Ние постојано го збогатуваме нашиот речник преку читање книги и преку медиумите. Но, дали е неопходна употребата на интернационализмите по секоја цена? Интернационализмите треба да се користат само доколку нема друг македонски збор, па во нашиот речник е прифатен токму тој – интернационалниот, како: култура, фудбал, поезија, проза итн... Но, нашиот звучник би произведувал убав САУНД и ако САУНДОТ го замениме со ЗВУК, ЕГОИСТОТ е секако СЕБИЧЕН ЧОВЕК кој не кажува дали РИМЕЈКОТ на гледаниот филм е ОБРАБОТКА на оној стариот, од пред педесет години. ОК, ВО РЕД е да бидеме ЕРУДИТИ, но може да ИМАМЕ ГОЛЕМО ЗНАЕЊЕ и со употреба на убави македонски зборови. Можете да ставите ЛАЈК и да бидеме ХЕПИ, или пак едноставно да кажете дека ВИ СЕ ДОПАЃА овој текст, па ние да бидеме СРЕЌНИ.



## ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ВО УЧИЛИШТЕТО

Инклузивното образование е интегрален дел од училишниот развој. Децата најдобро учат кога се чувствуваат сигурно и среќно, затоа што секое дете е важно и ценето во училиштето. Во нашето училиште се изработува план за работата според способностите и специфичните потреби на секој ученик. Овој план е во правец на снимање на фактичката состојба, како и дефинирање на определени можни решенија за идно делување. Особено во сегментот на работата со децата со посебни образовни потреби, процесот на имплементација на активностите, успешна реализација и вклучување на овие деца во редовната настава. Во текот на учебната година освен изработката на индивидуален образовен план, се реализираат активности во кои се вклучуваат учениците со посебни образовни потреби а со тоа се подигнува свеста за прифаќање на овие ученици во секојдневниот живот. Инклузивниот тим нуди стратегии за учење со примена на диференциран пристап кај учениците и стручно усовршување на наставниците од областа на примарната вклученост на децата со посебни образовни потреби.



## ТИМ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО




Во нашето училиште постои тим за превенција од насилство со своја годишна програма која се реализира секоја учебна година. Тимот за превенција од насилство има за цел да се превенираат одредени конфликти и појавата на насилно однесување на поедини ученици. Се организираат работилници против насилно однесување, се советуваат родители на ученици кои се во конфликтни ситуации, се вклучуваат и ученичките заедници во реализирање на спортски натпревари со што се развива спортскиот дух кај учениците а се намалува хиперактивното и насилно однесување. Се реализира во соработка со советот на родители, заедници на ученици, наставниот кадар и стручната служба, а по потреба се вклучуваат и надворешни соработници.

## УЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ МЕЃУ ДВАТА ПАТРОНАТИ

Учество на натпреварот „Кенгур“, месец март 2018 год.

Учество на футсал натпревари по повод Патрониот празник на Земјоделското училиште „Кузман Шапкарев“ - По повод Патрониот празник на Земјоделското училиште „Кузман Шапкарев“ од Битола, учениците учествуваа во футсал натпревари и освоија второ место, месец март 2018 год.

Учество на регионален натпревар по математика, месец април 2018 год. - На регионалниот натпревар по математика ученичката Елена Талевска од VII одд. под менторство на наставничката Николина Даралијовска освои трето место

Посета на театарската претстава „Потрага по златното велигденско јајце“, месец април 2018 год. - Учениците ја посетија театарската претстава која се одржа во Центарот за култура – Битола

Фестивал на детското творештво „Мост меѓу две срца“, месец април 2018 год. - По повод светскиот ден на книгата и авторските права во просториите на ОУ „Славко Лумбарковски“ се одржа литературно читање по претходно распишаниот литературен и ликовен конкурс на тема „Би сакал да можам“. Учествуваа ученици од повеќе училишта и повеќе општини од Македонија. На конкурсот беа наградени: Стефанија Илиевска – втора награда (ментор – Билјана Стојановска) и Софија Николовска 2 награда (ментор – Виолета Димовска)

Учество на регионален натпревар во соло пеење, месец април 2018 год. - Ученичката Софија Николовска од V одд. учествуваше на регионалниот натпревар во соло пеење и освои прва награда

Учество на натпревар во футсал по повод Патрониот празник на ООУ „Гоце Делчев“ – Могила, месец мај 2018 год. - По повод Патрониот празник на ООУ „Гоце Делчев“ – Могила, учениците од Училишниот спортски клуб учествуваа на натпреварите во футсал и освоија второ место

Учество на регионален натпревар „Детски семафор“, месец мај 2018 год. - Учениците учествуваа на натпревар под менторство на наставникот Пеце Николовски

Учество на натпревар по Прва помош во организација на „Црвен крст“, месец мај 2018 год. - Учениците учествуваа на натпревар под менторство на наставникот Гоце Кузевски

Учество на креативно – едукативна работилница по повод Патрониот празник на СОУ „Таки Даскало“ – Битола, месец мај 2018 год. - Учениците од IX одд. учествуваа на оваа работилница и добија благодарници за учество под менторство на наставничката Стефанија Стефановска

Музички хепенинг и посета на излетничкото место „Коњарка“ по повод посетата на Францускиот амбасадор на општина Новаци, месец јуни 2018 год. - Учениците учествуваа на музички хепенинг и работилница по повод посетата на Францускиот амбасадор на општина Новаци

Посета на куглана во Спортска сала „Младост“ – Битола (соработка со институции од областа на спортот), месец септември 2018 год. - Во рамките на посетата е извршена селекција на учениците кои ќе посетуваат тренинзи по куглање. Од нашето училиште избрана е ученичката Николина Петровска од IX одд.

Учество на есенски атлетски крос во Битола, месец септември 2018 год. - На есенскиот крос ученичката Николина Петровска од IX одд. освои второ место под меторство на наставникот Васко Ристевски

Учество на натпревар „Млади библиотекари“ во организација на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, месец октомври 2018 год. - Ученичката Теона Јовановска од IX одд. учествуваше на натпреварот „Млади библиотекари“, под менторство на училишниот библиотекар Даниела Ристевска

Учество на натпревар во одбојка, месец ноември 2018 год. - Женската екипа во одбојка учествувапе на натпреварите кои се одржаа во ОУ „Елпида Караманди“ – Битола, под менторство на наставникот Васко Ристевски

Проектна активност – Промоција на стихозбирката „Палестина“ и средба со писателот Панде Манојлов, месец март 2019 год.



РИСТЕ ШКРЕКОВСКИ – нема да биде нескромно ако кажеме дека повеќе нема наставници како Ристе Шкрековски, претставник на една генерација која пленеше со својата примерност и строгост, која секогаш внимава на своето однесување и облекување, кои доаѓаа први на училиште, а си заминуваа последни од него. Ристе Шкрековски беше строг, но правичен наставник, пренесуваше еден цел кодекс, пренесуваше и знаење, пренесуваше воспитување, конзервативно, но примерно. Таков беше како наставник, а како наш колега – тој секогаш сакаше да има дружба, луѓето да се согласуваат, да не се караат... За жал, таквите наставници како Ристе повеќе ги нема, затоа што тој носеше со себе едно „друго време“ во кое не владееја амбициозноста и завидливоста, време во кое се внимаваше на меѓучовечките односи и чистиот образ. Нека ти е долговечна пензијата, драг колега. Среќни сме што те познававме и што имавме можност да видиме како треба да изгледа еден вистински наставник.





Новаци - Соработка со родителите за изработка на украси за Нова година

Новаци - Активности по повод 8 Март



Новаци - Изработка на честитки по повод 8 Март





Добромири - Активности по Природни науки



Добромири - Активности по Општество

Добромири - Предавање за сообраќајна култура







На час по ФЗО

Живојно - Активности по Техничко образование



Интегрирана активност по македонски и англиски јазик „Срцето зборува“



Добромири - Активности по Природни науки



Гермијан - Соработка со родителите



Новаци - Активности по математика



Бач - Интегрирани активности по англиски јазик




Бач - Новогодишна приредба



Гермијан - Активности по Природни науки



Учениците на театарска претстава



Гермијан - Работилница за 8 Март



Новаци - Прием на првоодељенците во Детската организација



Фестивал на детско творештво „Мост меѓу две срца“




Рибарци - Активности за нова година



# The Globe Theatre

Театарот Глоуб (Глобус) е еден од најпознатите театри во светот и се асоцира со познатиот драматург, поет а воедно и актер Вилијам Шекспир.



Еве неколку интересни факти за ова здание:
Првата односно оригиналната зграда била изградена меѓу 1597 и 1599 година на левиот брег од реката Темза. Глоуб (Глобус) бил тркалезен (од тука и името Глобус) отворен театар, но еден дел, каде што биле седиштата бил покриен а гледајќи одозгора личел на крофна. Стилот на градба бил како Колосеумот во Рим. Театарот собирал околу 3000 гледачи на 100 фита.



Оние, кои плаќале само едно пени ги гледале претставите стоејќи. Овој дел го нарекувале „дупка“. Пред претставите се виорело знаме во боја, која го претставувала типот на драма - црвено за историска, бело за комедија и црно за трагедија. Мотото на театарот е земено од Шекспировата комедија „As you like it“ (Како што милувате) и гласи „The whole world is a playhouse“- (Целиот свет е сцена). Труба го најавувала почетокот на претставата.

Шекспир заедно со неговата актерска свита наречена прво The King's Men, а потоа Lord Chamberlain's Men биле акционери на театарот и глумеле во истиот. Шекспир глумел улоги од своите драми. Глумеле само мажи. Женските улоги ги имале млади момчиња бидејќи глумењето во тоа време се сметало несоодветно за дамите. Поради епидемија на чума, театарот се затворил од 1603 до 1608 год. Театарот изгорел од пожар во 1613 година, а причина биле специјални ефекти од драмата „Хенри VIII“.









Во 1614 година повторно се изградил театарот ,на истото место. Пуританците, поради религиозните ставови го затвориле театарот во 1642 година. Во 1997 година се појави трета верзија на театарот сега наречен „Shakespeare's Globe Theatre“, блиску до оригиналниот. Во Битола се одржува **Битолски Шекспир Фестивал,** каде се играат познатите Шекспирови драми.





# LES SYMBOLES DE LA FRANCE



Франција!!!... Земја на кралеви, земја на дворецот Версај, земја на високата мода или едноставно – Франција. Таа е една од најубавите европски земји, што со векови привлекува посетители. Најпосетувани се градот Париз и неговата Ајфеловата кула, но дали токму тоа се најзначајните обележја на Франција?!





Ако сакате да научите нешто повеќе за некогашниот, но и актуелен центар на европската уметност, култура и мода, секако дека морате да ѕирнете во минатото на Франција и да сознаете дека Париз и Ајфеловата кула не се единствените француски симболи.



Повеќето од симболите на Франција датираат од пред околу 200 години или поточно нешто после Француската револуција. Така, трите бои на француското знаме (сина, бела и црвена) го претставуваат главниот град Париз и кралот, односно сината и црвената се боите на Париз, а белата е бојата на кралот.

Liberté • Égalité • Fraternité
RÉPUBLIQUE FRANÇAISE

Познатата фраза **“ Liberté, égalité et fraternité”** е девизата на сите Французи и нивната цел да се обединат низ целиот свет.

Една од основните карактеристики на секоја земја секако дека е националната химна. **La Marseillaise** или химната на Франција всушност е песна што ја пееле војниците од Марсеј одејќи во борба со австриските војници. Така, оваа песна од 1792год. до денес е национална химна на Франција.



Шетајќи низ Франција сигурно насекаде, а особено пред општинските и училиштните згради, ќе забележете 2 статуи, една од жена и друга од петел. Статуата со глава од жена или позната како **Maranne** ја симболизира жената односно слободата, а подоцна и републиката.






Оваа жена никогаш и не постоела, па така се наметнува прашањето од каде тогаш доаѓа нејзиното име. Имено, многу одамна,повеќето жени во Франција го носеле името Marie, а некои Anne, па така кога ќе се спојат овие 2 имиња се добива името Marianne. Денес таа жена е еден од најважните симболи на Републиката и демократијата.

# УЧИМЕ ЗА ФРАНЦИЈА

**Le coq** или познатиот француски петел ги влече своите корени уште од Галија. Се појавил на тогашните монети како симбол на силата на Галите. Денес, најчесто се среќава како амблем на спортска облека или натпревари.

Прошетката низ Франција не може да заврши доколку не се посвети внимание на француската кујна. Тука е најдоброто вино,познатите специјалитети и оброците кои траат со часови. Можеби не секогаш ќе успеете да поминете многу време на маса, но морате да ги пробате 450 видови француско сирење, високо квалитетните вина и се разбира неодоливите десерти.






Ако поминете по **Avenue des Champs-Élysées**, најпознатата улица во главниот град, ќе бидете сведок на луксузот, модата и парфемите. Модната недела во Париз и елегантните дами ќе ве потсетат дека некогаш од тука биле диктирани сите модни правила.




Ова се само некои симболи на Франција. Ги има големи и мали,откриени и скриени. Всушност,за нив може многу да се зборува, да се раскажуваат вистини и приказни, но секако дека е најдобро тие да се видат со свои очи и лично да се доживеат.






## ОД КАДЕ ПОТЕКНУВА ГУМАТА?



Природната гума се добива од латекс кој се наоѓа под кората на каучуково дрво.

Каучуковото дрво најмогу се наоѓа во амазонските шуми богати со врнежи, а расте и во топлите влажни екваторијални подрачја.



Амазонските Индијанци се првите луѓе кој собрале латекс и од него изртаботувале некаква врста на гума.

„Goodyear“ во 1842 година пронашол начин за вкртување на гумата. Со појавата на велосипедот и автомобилиот, побарувачката за гума наголо расте и во подрачјето на Амазон се вселуваат се повеќе и повеќе луѓе.



Лондонската ботаничка градина во „Kewu“ каучуковото дрво го пренесува во југоисточна Азија најмногу во Малезија и Индонезија, од каде што доаѓаат и најголемите количини на гума.

Помали количини доаѓаат од Заир и западна Африка. Кората на каучуковото дрво се засекува при што латексот истекува во сад од засцврстена гума. Латексот понатаму се суши и вулканизира и така настанува гума.

Денес гумата се добива и со преработка на нафтата.

## КАДЕ ПРВ ПАТ Е ОДГЛЕДАНА ПЧЕНКАТА?




Пченката е важна житарица која денес се одгледува во многу делови во светот со топли лета. Потекнува од Америка, каде пред доаѓањето на Европјанците била многу важен дел од исхраната на Индијанците.

Потеклото на современата пченка „Zea mays“ се уште не е комплетно откриено.
Тоа е едногодишно растение кое денес во целост е зависно од човекот.

Можеби е сродна со тревата „Thea Sinte“ која расте во Мексико чии плодови се многу слични со кочаните на пченката. Тоа растение може да се размножува самостојно во природата.

„Thea Sinte“ може да се калеми со пченка со цел да се добијат поголеми кочани, многу слични на оние кои археолозите ги имаат пронајдено во ново Мексико, а се верува дека се стари околу 2000 години. За првите Европјани кои стигнале во Америка индијанската пченка често била од животно значење. Денес најчесто се употребува за сточна храна, меѓутоа се преработува и во пченкарни резанци и брашно.

## КАДЕ ПРВ ПАТ Е ПРОИЗВЕДЕНА СВИЛА?




Свилата прв пат е произведена во Кина. Влакната кои ја образуваат ларвата на свилената буба, се предат на разбој и потоа се ткаат во фина ткаенина.

За изработка на свила отребно е да се одмотаат нежните влакна кои се обмотани околу чаурата. Од една чаура може да се одмота влакно со должина од 300м.




Кинезите начинот на изработка на свила го пронашле пред повеќе од 5000 год., меѓутоа тајната ја чувале бидејќи свилата била редок и многу скап производ.

Трговците од Европа оделе по „патот на свилата“ да купат Кинеска свила. Меѓутоа во 552 година о.н.е. персиски свештеници ја прошверцувале тајната за изработка на свила надвор од границите на Кина. Ги скриле јајцата на свилената буба во шупливи бамбусови трски. Со тек на време европјаните се научиле да одгледуваат ларви од свилената буба односно да произведуваат свила.





## ОД КАДЕ ПОТЕКНУВА КАКАОТО?





Какаото се добива од семките кои се створаат во плодот на дрвото на какаото.

Какаото во Средна Америка го пиеле Ацтеките и пред доаѓањето на Европјаните. Дрвото на какаото вегетира во жешките и влажни делови на Средна и Јужна Америка, меѓутоа денес во најголем дел се добива од Западна Африка.





Тропското дрво на какаото расти во влажните шуми низ кои врви Екваторот.

Плодовите на какаото се долги од 15 – 35 см. и растат директно од гранките и стеблото. Секој плод содржи околу 30 – 40 семки. Семките се оставаат да ферментираат, па потоа се сушат и преработуваат во какао или во чоколадо. Шпанските конквистадори често го пиеле какаото, а во Европа го прифатиле во 17 век. Британците и Французите го однеле какаото во западна Африка, која денес е најголем производител на какао.












**Get creative during the spring break with our fun-filled ACTIVITY SHEET!**

## Farm Words

Find all of the words below in the word search?

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| K | U | G | P | I | U | R | N | L | T | J | G |
| H | I | S | I | T | O | B | L | I | U | S | O |
| E | W | V | H | T | Q | V | K | D | L | F | P |
| R | O | V | C | E | J | G | T | O | I | U | G |
| K | C | A | F | E | E | B | T | F | P | F | Z |
| D | R | A | L | W | G | P | X | F | P | E | B |
| T | R | P | R | S | F | V | U | A | B | T | E |
| M | M | E | A | O | Y | K | T | D | G | F | I |
| T | E | Y | B | F | A | Y | U | E | B | M | N |
| D | Y | G | O | C | N | U | F | E | Z | M | L |
| S | P | R | I | N | G | X | K | Q | F | F | Y |
| Q | I | U | Z | P | R | D | A | L | Y | R | L |

Farm | Spring | Tulip
Sheep | Tractor | Pig
Daffodil | Fun | Cow



## Dot-to-Dot

Find our farmyard friend in the dot-to-dot and colour him in.



## Get to the FARM!

Help the farmer find his tractor through the maze






# Timetable

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Monday | | | | | | | |
| Tuesday | | | | | | | |
| Wednesday | | | | | | | |
| Thursday | | | | | | | |
| Friday | | | | | | | |

НАГРАДЕНИ ЛИКОВНИ ОСТВАРУВАЊА НА КОНКУРСОТ НА ТЕМА:

## „ГОРДИ НА МИНАТОТО – СВРТЕНИ КОН ИДНИНАТА“




I место Стефан Митревски V одд. Рибарци




I место Јована Каранфиловска IX




II место Андреј Ристевски I одд. Новаци



II место Анастасија Петровска VII одд



III место Софија Талевска I одд. Новаци



III место - Теодора Цветковска, VI одд, Новаци





Пофалница за ликовен израз на
Бјанка Мицевска II одд. Новаци
Теона Јовановска IX одд. Новаци

Издавач: ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци
Директор: м-р Илче Соклевски
Уредник на весникот: Пеце Николовски
Редакциски одбор: Вецко Стојчевски, Билјана Стојановска, Гордана Најдовска
Членови на новинарска секција: Евгенија Трајковска, Наталија Талевска, Теона Јовановска